# ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

Почитувани,
Ве известуваме дека на првата редовна седница на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија одржана на ден **12.04.2024 година** беа донесени **Правилникот** за формирање листа на минимални (референтни) цени на приватните стоматолошки услуги, односно стоматолошките услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства во приватни стоматолошки установи (арх. бр. 02-463/9 од 12.04.2024) и **Правилникот** за утврдување на критериуми за огласување и рекламирање на стоматолошките здравствени установи (арх.бр. 02-463/11 од 12.04.2024г.
Извршниот одбор на Комората, врз основа на член 27 став 2 точка 22 од Статутот на СКМ и одредбите од Правилникот за формирање листа на минимални (референтни) цени на приватните стоматолошки услуги, односно стоматолошките услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства во приватни стоматолошки установи, на четвртата седница одржана на **ден 24.04.2024 година донесе Листа на стоматолошки услуги со минимални (референтни) цени.**
Почитувани членови, Стоматолошка комора на Македонија **има информации и поседува докази** дека од некои членови на Комората, во одредени градови од државата (Прилеп,Гевгелија,Скопје,Куманово) на социјалните мрежи, но и во практика, **продолжува да се прекршува Правилникот** за формирање на листа на минимални (референтни) цени на приватните стоматолошки услуги **и Правилникот** за утврдување на критериуми за огласување и рекламирање на стоматолошките здравствени установи.

Стоматолошката комора на Македонија во овој период **не превзема и нема да превзема никакви мерки** и ќе дозволи време да се прилагодат цените, да се прошири информацијата помеѓу докторите итн., **но од 01.09.2024 година** секое прекршување на Правилниците ќе биде казниво согласно Правилниците и **Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија и Судот на честа на Комората ќе започнат со активности и изречување на казнените мерки.**

Почитувани членови, потсетуваме дека правилниците и сите Одлуки кои се донесени по однос на т.н. минимални цени и рекламирањето се објавени на веб страна на Комората и во последниот број на Vox Dentarii.

Со почит, Стоматолошка комора на Македонија